ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ ИСТРАЖУВАЊА
MK91

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG

# 30 години независност (Анализа и истражување на јавното мислење)

Александар Спасеновски
Васко Наумовски
Јован Андоновски

www.kas.de

# 30 години независност (Анализа и истражување на јавното мислење)

Александар Спасеновски
Васко Наумовски
Јован Андоновски

Скопје, септември 2021

# Импресум

**Наслов:**
30 години независност (Анализа и истражување на јавното мислење)

**Автори:**
Александар Спасеновски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
Васко Наумовски, вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
Јован Андоновски, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

**Уредник:**
Александар Спасеновски

**Координација:**
Даниел Браун
Давор Пашоски

**Софтверска обработка на податоци:**
Гораст Стојменовски, Институт за политички истражувања (ИПИС) – Скопје

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Дизајн и печат:**
Винсент Графика Скопје

**Издавачи**:
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Институт за општествени истражувања „МК91“ – Скопје

**Тираж:**
100 примероци

**Книгата може бесплатно да се преземе на**:
https://www.kas.de/nordmazedonien

**Напомена:**
Фондацијата Конрад Аденауер и Институтот за општествени истражувања „МК91“ – Скопје не сносат одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторот.
Оваа публикација служи само за информативни цели и информациите во неа не смеат да се употребуваат во рамки на изборни кампањи.

# Содржина

**ПРЕДГОВОР** **5**

**ПРВ ДЕЛ – 30 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ (АНАЛИЗА)** **9**

**ВТОР ДЕЛ – 30 ГОДИНИ НЕЗАВИСНОСТ (ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ)** **19**

Методологија....................21
Анализа....................22
Општи оценки за независноста....................23
Интеграции и трите договори....................26
Политичари....................28
Односи со субјекти во меѓународните односи....................30
Состојби во одделни области....................33
Очекувања....................34

**ЗАКЛУЧОЦИ** **37**

# Предговор

# Предговор

Раздружувањето на Социјалистичка Република Македонија (СРМ) со Социјалистичка Федеративна Република Југославија (СФРЈ)[1] се случува во светло на крупните тектонски поместувања во поранешните социјалистички/комунистички држави[2] во Европа во последните децении на 20 век. Во однос на СФРЈ, ваквите процеси на површина ги извадија делумно конзервираните национални митови на народите-конституенти, кои на темелот на тие премиси поставија нов врвен приоритет – создавање национални држави со демократско уредување, пазарно стопанство и политички плурализам во согласност со стандардите на развиените западноевропски демократии.

Со оглед на крајно спротивните уставни концепти, оној што се распаѓаше наспроти новиот што требаше да се создаде, а под притисок на вкупните глобални трендови, отпочна процесот на насилниот распад на поранешна Југославија од кој изникна денешна Република Северна Македонија како суверена и самостојна држава. Со воспоставувањето на новиот уставно-правен и политички поредок, државата требаше да одговори на предизвиците на новото време.

1 Распадот на СФРЈ го карактеризираат серија воени конфликти, кои се водат на територијата на оваа држава, со исклучок на Македонија која ја стекна својата независност по мирен пат. Војните се одликуваа со жестоки етнички конфликти помеѓу Југословенската народна армија и Словенците во Словенија; помеѓу Хрватите и Србите во Хрватска; помеѓу Србите, Хрватите и Бошњаците во Босна и Херцеговина и помеѓу Србите и Албанците на Косово. Крвавите конфликти, резултат на дисолуцијата на Федеративна Југославија завршуваат со потпишувањето на Дејтонскиот мировен договор во 1995 година. Од распадот на оваа држава на почетокот настануваат 5 нови држави, односно Словенија, Хрватска, Република Македонија, Босна и Херцеговина и Сојузна Република Југославија (во која влегуваат Србија и Црна Гора). На 21.5.2006 година, како резултат на спроведениот референдум, Црна Гора станува независна држава, а со тоа и Србија. На 17.2.2008 година, пак, членовите на Парламентот на Косово ја донесоа Декларацијата за независност. Војните во Југославија се сметаат за едни од најжестоките вооружени конфликти на европскиот континент по завршувањето на Втората светска војна, поради што од страна на ОН се формира Меѓународниот кривичен трибунал за поранешна Југославија, кој поведе постапки за воени злосторства против поголем број на учесници во овие воени конфликти (види Petar Radan, *Break-up of Yugoslavia and International Law*, Routledge, 21.9.2001; Henry H. Perritt, *The road to independence for Kosovo: a chronicle of the Ahtisaari plan*, Cambridge University Press, Cabridge, 2010).

2 Како резултат на народните бунтови низ државите од Источна Европа започна процесот на уривање на комунизмот. Настаните започнуваат во Полска во 1989 година, продолжуваат во Унгарија, Источна Германија, Бугарија, Чехословачка и Романија. Советскиот Сојуз се распаѓа во 1991 година, како резултат на одлуката на Руската Федерација и 14 други нации кои ја прогласуваат својата независност. Помеѓу 1990 и 1992 година овој систем на државна власт се урива и во Албанија, како и во Федеративна Југославија. Овие процеси имаат свое влијание и во други социјалистички држави надвор од европскиот континент, како, на пример, Камбоџа, Етиопија и Монголија, кои, исто така, го отфрлаат овој систем на државно уредување (види Bartlomiej Kaminski, *The Collapse Of State Socialism*, Princeton University Press, Princeton, New Jersey, 1991).

Системот кој се воспостави со донесувањето на Уставот[3] од 17.11.1991 година ја проектира денешна Северна Македонија како граѓанска и демократска држава, во која се воспоставува концептот на владеење на правото и се гарантираат човековите права, граѓанските слободи и националната рамноправност.

Во светло на претстојниот јубилеј, трудот: „30 години независност (Анализа и истражување на јавното мислење)“, кој е изработен од страна на Институтот „МК91“ во соработка со ИПИС, а со поддршка на претставништвото на Фондацијата Конрад Аденауер во Скопје има двојна цел:

- **Прво,** да фрли дополнително светло врз овој период од најновата историја во кој беа поставени темелите на државноста и
- **Второ,** да ги истражи перцепциите на граѓаните во врска со процесот на осамостојувањето, со успесите и со падовите на државата во овие 30 години, како и со очекувањата за стабилноста и растот во следните три децении.

Врз основа на добиените податоци се изнесени и соодветни заклучоци кои извираат од претходно анализираните сегменти.

3 Устав на Република Македонија, „Службен Весник на Република Македонија“, г.: XLVII, бр.: 52, Скопје, 1991, стр.: 805-815.

# 1

# 30 години независност (Анализа)

# Прв дел

# 30 години независност (Анализа)

Во СРМ непосредно пред почетокот на процесите на политичката плурализација во доцните 80-ти години од 20 век, единствениот политички субјект што го има монополот врз политиката и врз институциите е Сојузот на комунистите на Југославија (СКЈ). Како дел од СКЈ, пак, монополот на политичката власт во СРМ е во рацете на Сојузот на комунистите на Македонија (СКМ).

Посебно влијание врз процесите на политичка плурализација во Социјалистичка Македонија имаат случувањата во најлибералната република на СФРЈ – Словенија, каде уште во раните 80-ти години од 20 век, под влијание на бранот на либерализација и на демократизација што ги имаше зафатено државите од Источна Европа, а посебно Унгарија и Полска, се формирааат истоветни политички движења и организации. Ваквата појава која се случува во Словенија, а која ќе ги зафати и останатите југословенски републики, во теоријата се означува и како „словенечки синдром“. Овој „синдром“ има свое големо влијание во насока на натамошно забрзување на процесите на демократизација во СРМ.

Во тој период кога сѐ уште правно не е дозволено постоењето на партиите, започнуваат да се појавуваат разни иницијативи со политички цели кои во имињата ги содржат зборовите „движење“, преку примерот на Движењето за семакедонска акција (МААК) или „лига“, преку примерот со Лигата за демократија (ЛД). Во имињата на овие политички облици на здружување веројатно свесно се избегнува употребата на зборот „партија“ поради извесни стравувања од можна негативна реакција од страна на социјалистичките институции, бидејќи сѐ уште единствен легитимен политички субјект е СКМ. Во оваа смисла треба да се истакне дека на сличен начин се одвиваат процесите на плуралистичкото политичко демократско „отворање“ и во останатите републики на СФРЈ.

Теренот за почеток на преодот кон политичкиот плурализам во останатите републики од Федеративна Југославија го подготвува Сојузот на комунистите на

Словенија (СКС), кој носи ваква одлука во јули 1989 година, односно 4 месеци пред тоа да го направат македонските комунисти. Во секој случај, важно е да се истакне дека ваквите одлуки на комунистичките раководства во сите југословенски републики, вклучувајќи ја и СРМ, се под силно влијание на распадот на комунизмот во Источна Европа, кој се случува во истиот временски период.

Како поткрепа на споменатото, во 1989, годината кога се одржува клучниот 10. Конгрес на СКМ, полските комунисти го легализираат антикомунистичкото движење „Солидарност“ (јануари) и започнуваат формални разговори со неговите претставници (февруари), кои резултираат со стекнување правен статус на ова политичко движење (април) и одржување  парламентарни избори во јуни 1989 година на кои победуваат антикомунистите, со што после 42 години се избира првиот антикомунистички премиер во оваа држава.

На три месеци пред најважниот 10. Конгрес на СКМ, милиони граѓани на Естонија, на Латвија и на Литванија одржуваат секојдневни континуирани протести за слобода и за независност од Советскиот Сојуз, формирајќи непрекинат „синџир“ од луѓе долг повеќе од 600 километри.

На два месеца пред 10. Конгрес на СКМ, финализира и процесот на демократска транзиција на Унгарија, додека на еден месец пред овој настан комунистичкиот лидер на Демократска Република Германија (ДДР), Ерих Хонекер, е принуден да го напушти челното место на партијата, чин кој е вовед во процесите кои ќе резултираат со обединувањето на Германија во 1990 година.

Во деновите пред одржувањето на 10. Конгрес на СКМ, во Бугарија, после 45 години комунистичка власт, претседателот на партијата се повлекува, а на негово место доаѓа нова личност која го менува името на овој субјект во Бугарска социјалистичка партија (БСП).

Конечно, на денот кога се одржува 10. Конгрес на СКМ, и комунистичката партија на тогашна Чехословачка објавува дека ќе се откаже од монополот врз политичката власт, а на изборите што се одржуваат во декември истата година ќе биде избрана и првата антикомунистичка влада по  40 години.

Со оглед на етаблираноста на претходниот социјалистички систем наспроти општите прилики во либерална Словенија, како и во останатите источноевропски држави, имплементирањето на демократските плуралистички идеи во Социјалистичка Македонија не се реализира воопшто мирно или без потреси.

10. Конгрес на СКМ, кој се одржува од 27 до 29 ноември 1989 година, претставува меѓник во натамошниот развој на СРМ како демократска држава наспроти делумно авторитарното минато.

За разлика од државите од комунистичкиот блок каде процесите на демократска плурализација имаа огромна драматичност, во СРМ општествената клима во предвечерието на Конгресот на СКМ е сосема обратна. Ваквата состојба од страна на одредени автори[4] се толкува како знак дека Социјалистичка Македонија во тој период е конзервативна средина во која тешко би се извеле процесите на демократската плурализација. Сепак, иако со помала јавност, присутни се продемократски општествени активности, какви што се идеите за политичка и општествена рехабилитација на дел од противниците на политичкиот монопол на СКМ кои се маргинализирани и осуетени од системот, каков што е примерот со проф. д-р Славко Милосавлески[5].

Во однос на процесите на плурализацијата и демократизацијата, во рамките на СКМ се диференцираат две крила[6]:

» Прво, конзервативно и
» Второ, либерално.

Најистакнат претставник на конзервативното крило на СКМ е Михаил Данев, додека најистакнат претставник на либералното крило е Петар Гошев. Двете личности по повлекувањето на Јаков Лазаревски од раководната функција во СКМ во 1989 година влегуваат во трката за нов претседател, при што довербата ја добива Петар Гошев, кој е воедно и последниот лидер на оваа политичка структура во СРМ.

Конзервативното крило на СКМ се залага за воведување на т.н. „непартиски плурализам“. Под овој термин тие подразбираат воспоставување систем во кој ќе продолжи да функционира СКМ како единствена партија во државата, но истовремено ќе се дозволи и постоење на т.н. „легално организирани групи

4 Види: Цане Мојаноски, Летопис на македонската демократија, Пакунг, Скопје, 2000, стр. 11.
5 Славко Милосавлевски (1928 – 2012) е македонски политички дисидент од времето на социјализмот. Во екот на борбата на југословенското комунистичко раководство против либерализмот и национализмот, Милосавлевски во 1972 година е принуден да поднесе оставка на функцијата секретар на СКМ. Следната година раководството на СКМ го исклучува Милосавлески од основната организација на оваа партија на Правниот факултет во Скопје, со што му престанува и работниот однос на Факултетот. Меѓу другото, како резултат на овој прогон, Милосавлески во 1974 година заминува во САД, по што се враќа назад во Македонија. Милосавлески во периодот на раскинувањето на политичкиот монопол на СКМ, учествува во формирањето на Социјалдемократската партија на Македонија (СДПМ). (види: Димитар Мирчев Заминувањето на Милосавлевски, dnevnik.mk, 18.10.2012; Денко Малески, Во спомен на Славко Милосавлевски, okno.mk, октомври 2012).
6 Види: Анета Јовевска, Изборите фокус на политичкиот живот, Дијалог бр. 6, Скопје, 1994, (стр. 81).

за притисок" кои ќе имаат својство на правно лице и, кои, како организации кои обединуваат личности со различни идеолошки и програмски интереси, ќе настојуваат истите да ги остварат преку правно дефинираните начини на комуникација со државата која е водена од страна на СКМ. Ваквиот проектиран вид на „непартиски плурализам" одредени автори[7] го нарекуваат „куц", односно „осакатен плурализам", бидејќи со него се настојува да се направи компромис помеѓу две неспоиви нешта – политичкиот плурализам, кој подразбира постоење поголем број на политички партии кои во фер натпревар на избори се обидуваат да ја освојат довербата на граѓаните, наспроти политичкиот монизам, кој како авторитарен концепт подразбира постоење на една политичка партија која го има монополот врз институциите и врз државата.

Либералното крило на СКМ, пак, наспроти позициите на претставниците на конзервативното крило го инаугурира концептот на демократски плурализам, кој наспроти тоталитарните идеологии го препознава постоењето на мноштво политички партии кои ги артикулираат различните индивидуални и групни интереси, при што тие, во согласност со правилата на демократијата, на општи и на непосредни избори се натпреваруваат за освојување на довербата на граѓаните за да раководат со државата.

На 10. Конгрес на СКМ предност остваруваат идеите на либералите, поради што се носи и одлуката за изградба на дотогаш Социјалистичка Македонија како „демократска, граѓанска и социјална држава" и „за укинување на монополот врз власта на СКМ"[8]. На тој начин се создаваат политичките претпоставки за отворање на процесот на политичка плурализација.

Во оваа смисла, напуштањето на комунистичкиот режим во СРМ може да се означи и со терминот „промена од горе", бидејќи тоа се остварува без да има изразени масовни протести или револуции за воведување на политичкиот плурализам според примерите на Унгарија, односно на Бугарија наспроти неповолните негативни примери со улични демонстрации во Полска, Чехословачка или ДДР.

Постапувајќи по одлуките на последниот Конгрес на СКМ, лидерот на партијата, Петар Гошев, формира Комисија од експерти[9], која треба да подготви плат-

7 Види: Анета Јовевска, Изборите фокус на политичкиот живот, оп.цит.
8 Види: Славко Милосавлески, Источна Европа помеѓу егалитаризмот и демократијата, Љуботен, Скопје, 1993, стр. 140.
9 Види: „Утрински весник", Интервју Петар Гошев: По поразот во 1990 година, сакав да се повлечам од политиката", бр. 1929, 16.10.2006.

форми за востановување на политичкиот плурализам и пазарната економија во државата. Ова советодавно тело во најновата историја ќе остане запаметено под називот „Гошева комисија“. Во него влегуваат претставници на професорско-научната фела, како и некои политичари и брои околу 30 членови. Како резултат и на активностите на експертската комисија, последната социјалистичка влада предводена од Глигорие Гоговски ги носи сите потребни акти за спроведување на првите повеќепартиски избори во државата.

Во периодот од одржувањето на Конгресот на СКМ до донесувањето на измените на Законот за општествените организации и здруженијата на граѓани, се појавува и првата форма на политичко организирање на 4.2.1990 година во Скопје, кога е одржано конститутивното собрание на Движењето за семакедонска акција (МААК), по што следува основачкото собрание и на Лигата за демократија (ЛД), на 11.2.1990 година, исто така, во Скопје. Во овој период се одржуваат основачки собранија (или се донесуваат одлуки за формирање) на уште три партии, односно на Партијата за македонско работничко обединување (ПМРО), на 4.3.1990 година во Прилеп, на Социјалдемократската партија на Македонија (СДПМ), на 18.3.1990 година во Скопје, како и на Народнатата партија на Македонија (НПМ), на 12.4.1990 година во Скопје.

Процесите на стекнување на независноста на СРМ преку раздружување од тогашната СФРЈ започнуваат во текот на 1990 година. Имено, политичката власт, следејќи ги случувањата во останатите републики на Федеративна Југославија, презема соодветни чекори што одговараа на карактерот на приликите кои постојано се влошуваа. Така, републичките институции во летото и есента 1990 година донесуваат серија клучни одлуки со кои се отвора патот на македонската независност преку конструирање на новиот уставно-правен систем, кој почиваше на спротивни начела од дотогаш социјалистичко-федеративните.

На 20 септември 1990 година Собранието на СРМ усвојува 25 амандмани на Уставот со кои се извршуваат првите промени во уставно-правниот систем[10]. Се укинува монополот на владејачката партија СКЈ (амандман LXVII), делегатскиот систем се заменува со пратенички (амандман LXXIV), наместо извршниот совет се конструира влада (амандман LXXVI), а наместо претседателството на СРМ се воспоставува функцијата претседател на Републиката (амандман LXXV).

10 Одлука за прогласување на Амандманите LVII - LXXXI на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Амандмани на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“, г.: XLVI, бр.: 28, Скопје, 21.9.1990, стр.: 506-511.

Врз основа на споменатите измени, на 24 септември 1990 година, претседателот на законодавниот дом ги распишува првите демократски повеќепартиски избори кои се одржуваат на 11 ноември истата година, а Собранието во овој состав се конституира на 8 јануари 1991 година.

Понатаму, на 27 јануари 1991 година пратениците го избираат првиот демократски претседател на Републиката, Киро Глигоров, а на 20 март 1991 година беше избрана и првата демократска експертска влада на чело со Никола Кљусев.

На овој начин беа поставени основите на новиот демократски систем на организација на државната власт.

Во меѓувреме, на 25 јануари 1991 година претставниците на граѓаните во Собранието ја донесоа „Декларацијата за сувереност на Македонија"[11], со која, во членот 1 се изразува суверенoста во согласност со уставните определби за независност и територијален интегритет на македонската држава, како и правото на македонскиот народ на самоопределување, вклучувајќи го и правото на отцепување.

Понатаму, на 7 јуни 1991 година беше усвоен уставен амандман LXXXII со кој во името на СРМ се изоставува одредницата „социјалистичка"[12]. Во оваа смисла, на 7 мај 1991 година, Претседателот на државата до пратениците доставува предлог за донесување на нов демократски устав кој беше изгласан на 17 ноември 1991 година, а на кој му претходеа референдумот за независност од 8 септември 1991 година и „Декларацијата по повод плебисцитарно изразената волја на граѓаните за суверена и самостојна држава Македонија", донесена на седницата на Собранието на 17 септември 1991 година[13].

На овој начин беше заокружен новиот уставно-правен систем на денешна Северна Македонија, како демократска и самостојна држава.

---

11 Декларација за сувереност на Социјалистичка Република Македонија, Собрание на Социјалистичка Република Македонија, бр.: 08-220-1.

12 Одлука за прогласување на амандманите LXXXII до LXXXV на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Амандмани на Уставот на Социјалистичка Република Македонија, „Службен весник на Република Македонија", г.: XLVII, бр.: 27, Скопје, 11.6.1991, стр.: 357.

13 Декларација по повод плебисцитарно изразената волја на граѓаните за суверена и самостојна македонска држава Македонија, Собрание на Република Македонија, бр.: 08-3786, 17.9.1991.

Конечно, на 19 декември 1991 година со донесувањето на „Декларацијата за меѓународно признавање на Република Македонија“[14], започна и процесот на меѓународно признавање на веќе создадената македонска држава.

Првичниот идеализам што беше резултат на фактот што конечно, после толку стремежи и жртви, започна да се реализира една дамнешна вековна заложба на граѓаните за создавање на независна татковина, набргу станува притиснат од реалностите на политиката. Граѓаните на дел од поранешните југословенски републики се втурнати во крвави меѓуетнички судири кои по својот размер може да се споредат со траумите од Втората светска војна. Наспроти овој негативен факт, новосоздадената Република Македонија, пак, како резултат на одмереноста на тогашното политичко лидерство, но и поради локалната геополитика, успева да исчекори на патот кон независноста без ниту еден испукан куршум. Меѓутоа, ваквиот несомнен успех набргу се потиснува од предизвиците што следуваат поврзани со начинот на кој беше градена новосоздадената држава. Почнувајќи од проблемите при поставувањето на уставниот систем и трансформацијата на државната во приватна сопственост, преку спорот со Грција, недоразбирањата со Бугарија, меѓуетничкиот конфликт од 2001 и потпишувањето на Охридскиот договор, сè до блокадите на патот кон интеграцијата во Европската Унија и НАТО – денешна Северна Македонија, иако со многу слабости, остава зад себе одредено досие.

Гледано во својата севкупност, во светло на јубилејот: „30 години од прогласувањето на независноста“, во продолжение следува анализа произлезена од спроведеното истражување на јавното мислење со кое настојуваме да фрлиме поголемо светло врз овој најважен период од нашата државност.

14 Декларација за меѓународно признавање на Република Македонија, Собрание на Република Македонија, бр.: 08-5099, 19.12.1991.

2

# 30 години независност (Истражување на јавното мислење)

# Втор дел

# 30 години независност (Истражување на јавното мислење)

## Методологија

За потребите на овој труд во текот на месец август 2021 година е спроведено сеопфатно истражување на јавното мислење.

Анкетата е спроведена од ИПИС.

Големината на примерокот е избрана во согласност со потребите на истражувањето. Во овој случај се вклучени 1110 испитаници, со задржување на генералниот соодност во поглед на базичните демографски карактеристики (пол, возраст над 18 години, етничка припадност, професија и образование), со истовремено почитување на соодветната географска балансираност.

Стратификацијата е соодветна со најновите податоци од Државниот завод за статистика (ДЗС).

При спроведување на истражувањето е користена квантитативна истражувачка методологија на собирање податоци (преку телефонска анкета), што овозможува веродостојно и прецизно скенирање на ставовите на генералната популација.

За спроведување на анкетата е применет т.н. *CATI метод* и т.н. *dual frame sampling model* (фиксни и мобилни линии заедно).

**За време на интервјуата, со цел да се постигне високо ниво на доверба, е користен моделот на случаен избор и анонимност во анкетирањето. За испитанците, пак, чиј мајчин јазик не е македонскиот беа ангажирани анкетари што ги говорат јазиците на другите заедници во државата, со цел да се избегне евентуална јазична бариера при комуникацијата.**

Просечната респонзивност во анкетите зависи од самата тема на истражувањето и се движи помеѓу 30 % и 60 %, за ова истражување респонзивноста изнесува 45 % од побараните соговорници.

Маргиналната грешка се движи помеѓу +/- 2,9 % со 95 % интервал на веродостојност.

## Анализа

Истражувањето има за цел да ги утврди ставовите на граѓаните за најважните настани, процеси, личности, состојби и предизвици поврзани со стекнувањето и со практикувањето на независноста на денешна Република Северна Македонија.

Прашалникот се состои од 43 прашања, при што 41 прашање е конципирано во форма на тврдење со кое секој испитаник може да избере дали се согласува или не се согласува. Одговорите на поголем дел од прашањата се понудени во облик на т.н. „ликертова скала", односно секој испитаник има право да избере еден од четирите понудени одговори, од кои два се афирмативни („целосно се согласувам" и „донекаде се согласувам") и два негациски („воопшто не се согласувам" и „донекаде не се согласувам"). Исто така, дел од прашањата се конципирани на начин според кој секој испитаник може да ја даде својата лична оценка на скала од 1 до 5, при што најниската оценка е 1, а највисоката 5. Конечно, две прашања од анкетата се од отворен карактер, односно со можност граѓаните сами да даваат одговори.

Прашањата генерално може да се поделат во шест групи.

- **Во првата група** се поместени прашања што се однесуваат на начините како е изведен процесот на стекнувањето на независноста на денешна Северна Македонија преку раздружување од СФРЈ;
- **Во втората група** се поместени прашања што се однесуваат на клучните предизвици со кои се соочува државата во изминатите 30 години, како што е зачленувањето во НАТО, процесот на европски интеграции, приватизацијата, како и трите договори: Преспанскиот со Република Грција, Договорот за пријателство и соработка со Република Бугарија и Охридскиот рамковен договор;

» **Во третата група** се поместени прашања што се однесуваат на улогата и наследството на клучните политичари од периодот на стекнувањето на независноста до денес;
» **Во четвртата група** се поместени прашања што се однесуваат на релациите на Северна Македонија со други релевантни држави, како што се соседите, поважните држави-членки на ЕУ и на НАТО, како и дел од постојаните држави-членки на Советот за безбедност на ОН;
» **Во петтата група** се поместени прашања што се однесуваат на состојбата во дел од клучните области изминатите три децении, како што е економијата, образованието, здравството и иселувањето;
» **Во шестата група,** пак, поместени се прашања со сумарен карактер во однос на вкупните перформанси на државата изминатите три децении, како и во однос на очекувањата за развојот во следните 30 години.

## Општи оценки за независноста

Првата група на прашања имаат за цел да ги доловат ставовите на граѓаните во однос на општите оценки поврзани со стекнувањето на независноста, како и со генералните прилики во Северна Македонија. Така, првото прашање (види табела број 1) има за цел да ги утврди перцепциите на испитаниците за начинот на кој се развива Северна Македонија во изминатите три децении. Во таа смисла, за 43,1 % од испитаниците државата има успешен развој, за 36,2 % државата се развива неуспешно, додека 20,7 % немаат одговор на ова прашање. Вкупно земено, за 6,9 % е поголем бројот на испитаниците што сметаат дека државата има позитивен развој изминатите 30 години.

***Табела број 1***



Во следната табела број 2 се поместени одговорите на испитаниците во однос на карактерот на вкупниот развој на Северна Македонија споредено со останатите држави што произлегоа од поранешна СФРЈ. Во оваа смисла, најголем дел од испитаниците, односно 40,4 % сметаат дека државата се развива полошо споредено со поранешните републики конституенти на СФРЈ, додека 29,7 % сметаат дека овие држави имаат приближно ист развој. За само за 17,1 % од испитаниците, пак, Северна Македонија подобро се развива од останатите држави кои произлегуваат од поранешната федерација.

***Табела број 2***




Комулативната анализа на првото и на второто прашање упатува на заклучокот дека испитаниците сметаат дека развојот на Северна Македонија изминатите 30 години е позитивен, но, сепак, послаб споредено со поголем дел од државите што произлегоа од поранешната СФРЈ.

На темелот на споменатото се надоврзуваат следните две прашања (види табела број 3 и табела број 4) кои имаат отворен карактер. Во нив се утврдени впечатоците на испитаниците за тоа кои се најпозитивните, а кои најнегативните нешта изминатите 30 години. Во оваа смисла, од анализата на податоците може да се утврди дека трите најпозитивни нешта за испитаниците се:

- **Прво,** стекнувањето на самостојноста на државата (15 %);
- **Второ,** процесот на интеграција и самата интеграција на Северна Македонија во ЕУ и во НАТО (6,3 %);
- **Трето**, напредокот и модернизацијата на државата (2 %).

Три најнегативни нешта, пак, изминатите 30 години според резултатите од анкетата се:

- **Прво,** криминалот и корупцијата (12,7 %);
- **Второ,** економијата и животниот стандард (7,1 %);
- **Трето,** политичката нестабилност (3,1 %).

Во овој дел е важно да се укаже дека високи 70 % од испитаниците не можат или не знаат да одберат кој настан е најпозитивен во изминатите 30 години, како и 56,8 % од испитаниците кои не можат или не знаат да одберат кој настан е најнегативен изминатите три децении. Споменатите податоци се многу значаен индикатор за вкупното незадоволство и апатија на граѓаните во однос на тридецениското досие на државата кое во многу поголема мера доаѓа до израз во следните делови од ова истражување.

***Табела број 3***



***Табела број 4***




## Интеграции и трите договори

Во вториот дел од истражувањето се анализирани ставовите на испитаниците во однос на европските и евроатлантските интеграции. Во оваа смисла, со оглед на фактот што, во директна или во индиректна мера, овие два процеса се поврзани со внатрешната демократска консолидација на државата, како и со решавањето на билатералните прашања, испитувани се и ставовите на граѓаните во однос на Охридскиот рамковен договор, Договорот за пријателство и соработка со Бугарија, како и Преспанскиот договор (види табела број 5).

***Табела број 5***




Од анализата на одговорите на испитаниците, може да се извлечат шест поважни заклучоци:

- **Прво,** високи 59,8 % од испитаниците го поддржуваат членството на Северна Македонија во НАТО. Причините за ова значително ниво на прифаќање треба да се бараат во краткорочните придобивки, како и во долгорочните очекувања за ефектите по стабилноста на Северна Македонија кое го овозможува членството на државата во оваа меѓународна организација;
- **Второ,** 38% од испитаниците позитивно го оценуваат процесот на евро-интеграција. Ниската оценка е резултат на долгогодишниот застој на европските интеграции, најмногу како резултат на билатералните предизвици на земјата во односите, прво со Грција, па со Бугарија. Истовремено, на спомenатото се надоврзува и непостојаноста на политиката на проширување на европските институции кое резултира со јакнење на чувството на изневереност кај граѓаните. Имајќи го предвид истакнатото, доколку не се случи промена во овој дел во скоро време, не треба да се исклучи натамошен пад на довербата на граѓаните во ЕУ;
- **Трето,** 41,5 % од испитаниците го поддржуваат Преспанскиот договор со кој беше надминат спорот околу името „Македонија“. Анализата на резултатите упатува на заклучокот дека наспроти првичниот

пессимизам во периодот веднаш по склучувањето на Договорот, три години подоцна расположението кај граѓаните доживува континуирана позитивна промена;

- **Четврто,** 38,5 % од испитаниците го поддржуваат Договорот за пријателство и соработка со Бугарија. Овој низок праг на прифатливост може да се доведе во неспоредна корелација со вкупното незадоволство на граѓаните од односот на Бугарија кон Северна Македонија, најмногу во изминатите 2 години, а кое кулминираше по ветото на нашиот источен сосед во врска со почетокот на преговорите на државата за членство во ЕУ. Во оваа смисла, натамошниот застој на македонско-бугарските односи е извесно  дека ќе влијае во насока на дополнително намалување на поддршката на овој Договор;
- **Петто,** 46,3 % од испитаниците го поддржуваат Охридскиот рамковен договор. Иако поддршката на овој Договор е поизразена кај припадниците на албанската етничка заедница, сепак, може да се констатира дека 20 години по неговото потпишување, свесноста на мнозинството од граѓаните во однос на неговите ефекти и придобивки е прилично висока;
- **Шесто,** во однос на сите пет прашања, како кумулативен заклучок, важно е да се нагласи дека испитаниците Албанци наспроти испитаниците Македонци, манифестираат поголема поддршка кон европските и евроатлантските интеграции, како и кон трите споменати договори. Ваквиот исход може да се доведе во корелација и со чувството на припадниците на македонската етничка заедница дека при остварувањето на споменатите цели, како и при постигнувањето на споменатите договори, спротивно на нивната волја, тие се доведени во состојба да се откажат од одредени национални и државотворни особености и достигнувања.

## Политичари

Следната група на прашања се однесува на улогата на клучните личности кои извршуваат поважни државни функциии (види табела број 6).

Имајќи ги предвид резултатите за сите личности чие политичко наследство е предмет на оценка во оваа анкета, може да се изведат следните пет поважни заклучоци:

- **Прво,** во изминатите три децении, тројцата најпопуларни политичари се: Борис Трајковски (42 % од испитаниците го оцениле со највисоката оценка 5), Киро Глигоров (33 % од испитаниците го оцениле со највисоката оценка 5) и Никола Кљусев (21,1 % од испитаниците го оцениле со највисоката оценка 5);
- **Второ,** резултатите покажуваат дека има значајна разлика во однос на поддршката на политичарите во согласност со етничката припадност на испитаниците кои покажуваат поголема склоност со повисока оценка да ги оценуваат политичарите од нивната етничка заедница;
- **Трето,** во контекст на претходното, Владо Бучковски[15] и Зоран Заев[16] се политичари за кои испитаниците од спротивната етничка заедница имаат подобро мислење наспроти испитаниците од етничката заедница на која тие ѝ припаѓаат;
- **Четврто,** актуелниот претседател на Република Северна Македонија, Стево Пендаровски[17], има приближно иста поддршка помеѓу сите граѓани на државата, независно од нивната етничка припадност;
- **Петто,** вкупно земено испитаниците покажуваат поголема тенденција да им даваат позитивна оценка на личностите што ја извршувале функцијата претседател на државата наспроти оние кои ја извршувале функцијата претседател на владата.

15 Од аспект на етничката стратификација, 17,3 % од испитаниците Македонци и 17,8 % од испитаниците Албанци го оцениле Бучковски со највисока оценка. Споменатиот соодност упатува на заклучокот дека испитаниците Албанци во однос на испитаниците Македонци за 0,5 % повеќе имаат позитивно мислење во однос на ликот и делото на оваа личност од најновата историја.

16 Од аспект на етничката стратификација, 26,2 % од испитаниците Македонци и високи 43,4 % од испитаниците Албанци делото на Зоран Заев го оценуваат како позитивно. Споменатиот соодност упатува на заклучокот дека испитаниците Албанци во однос на испитаниците Македонци за повеќе од 17,2 % имаат позитивно мислење за претседателот на Владата на Северна Македонија. Со ова, Зоран Заев е следната личност за која спротивната етничка заедница има повеќе симпатии од онаа на која припаѓа.

17 Од аспект на етничката стратификација на испитаниците, 29,9 % од испитаниците Македонци и 28,5 % од испитаниците Албанци, го оцениле делото на Стево Пендаровски како позитивно. Споменатиот соодност упатува на заклучокот дека приближно ист процент (со само 1,4 % разлика, н.з.) од испитаниците Македонци и испитаниците Албанци имаат добар впечаток за политичкото наследство на петтиот претседател на Северна Македонија.

***Табела број 6***




## Односи со субјекти во меѓународните односи

Следната група на прашања, дел од ова големо истражување, се однесува на карактерот на односите на Северна Македонија со референтни држави и организации. Имајќи ги предвид резултатите за сите субјекти кои беа предмет на оценка на испитаниците во оваа анкета, може да се изведат следните шест поважни заклучоци:

» **Прво,** испитаниците со највисока просечна оценка ја оценуваат Србија (80,9 % имаат добро, многу добро или одлично мислење). Ваквиот резултат има основа во краткорочните ефекти во меѓусебните односи помеѓу двете држави, особено во светло на помошта што соседна Србија ѝ ја

даде на Северна Македонија за справување со ковид-19 пандемијата. Секако, наспроти истакнатото, останати причини за ваквиот резултат се поврзани со отсуството на билатерални спорови помеѓу двете држави, како и во заедничкото минато на граѓаните во рамки на поранешна СФРЈ;

» **Второ,** испитаниците со најниска просечна оценка ја оценуваат Бугарија. Ваквиот резултат има основа во карактерот на билатералните односи помеѓу двете држави изминатите 30 години, а особено во периодот по Договорот за пријателство и соработка потпишан на 1 август 2017 година. Во оваа смисла, доколку во скоро време не се променат состојбите, може да се очекува натамошно влошување на перцепцијата на граѓаните, а со тоа ефектите од Договорот поврзани со генерирањето на нов оптимизам во меѓусебните односи неповратно ќе исчезнат;

» **Трето,** во однос на западните држави-сојузници, важно е да се нагласи перцепцијата на испитаниците за Сојузна Република Германија (69,5 % имаат добро, многу добро или одлично мислење) и за САД (57,4 % имаат добро, многу добро или одлично мислење). Ваквиот резултат има основа во континуираната повеќедецениска поддршка на двете држави во насока на остварување на државните приоритети на Северна Македонија, особено во однос на европските и на евроатлантските интеграции, како и во однос на вкупниот внатрешен развој на државата;

» **Четврто,** по склучувањето на Преспанскиот договор, забележителна е промената на перцепцијата на граѓаните во однос на Грција. Така, според резултатите од анкетата, 33 % од испитаниците односите на Северна Македонија со оваа држава ги оценуваат како добри, многу добри, односно одлични. Ваквиот резултат има основа во ефектите од решавањето на спорот со името, што како резултат произведе, меѓу другото, и спречување на инфлацијата на негативните вести во односите помеѓу двете држави, што влијае во насока на подобрување на перцепцијата на граѓаните за јужниот сосед;

» **Петто,** испитаниците со оптимизам гледаат и на односите со преостанатите соседни држави на Северна Македонија. Имено, 59,8 %, односно 61,4 % од испитаниците како добри, многу добри или одлични ги оценуваат односите со Албанија, односно со Косово. Ваквиот резултат има основа во длабоките врски на припадниците на албанската етничка заедница со граѓаните на споменатите држави, но и во историјата на позитивните билатерални односи на Северна Македонија со Албанија и со Косово;

» **Шесто,** испитаниците даваат позитивни оценки и за Кина (60,2 % имаат добро, многу добро или одлично мислење), Русија (61,6 % имаат добро, многу добро или одлично мислење) и Турција (79,5 % имаат добро, многу добро или одлично мислење). Причините за ваквите впечатоци се ди-

вергентни. Имено, во случајот со Турција или со Русија важен елемент претставува културолошката блискост што ја чувствуваат различни делови од граѓаните на Северна Македонија за овие држави. Меѓутоа, како поважна причина која е заеднички именител за трите држави заедно е нивната долготрајна децениска дипломатска активност насочена, пред сè, кон користење на проблемите на државата при интеграцијата во НАТО и во ЕУ, со цел создавање впечаток во јавноста за високо ниво на поддршка, сочувствителност и разбирање. Проблемот со името е само еден покарактеристичен пример за таквата дипломатска активност мотивирана од националните надворешно-политички приоритети на овие држави, особено во светло на глобалните предизвици и трендови.

***Табела број 7***



## Состојби во одделни области

Во следниот дел од истражувањето се анализира состојбата во повеќе поважни области во последните пет години споредено со претходниот период од стекнувањето на независноста (види табела број 8 и табела број 9). Имајќи ги предвид резултатите, може да се изведат следните три поважни заклучоци:

- **Прво,** во сите анализирани области (здравство, образование, животен стандард и економија), испитаниците сметаат дека состојбите овие пет години споредено со претходниот период се многу, односно донекаде полоши;
- **Второ,** поконкретно, 45 % од испитаниците сметаат дека овие пет години здравството е многу, односно донекаде полошо споредено со претходниот период. Во однос на образованието ваков став имаат 36,2 % од испитаниците, во однос на животниот стандард – 39,5 % од испитаниците, додека во однос на економијата, ваков став имаат 36,8 % од испитаниците;
- **Трето,** имајќи го предвид претходното, стануваат очекувани одговорите во однос на прашањето на иселувањето. Имено, дури 54,4 % од испитаниците сметаат дека изминатите пет години иселувањето е многу поизразено, односно донекаде поизразено споредено со претходниот период.

***Табела број 8***



***Табела број 9***




## Очекувања

Врз основа на претходните резултати, следува последниот дел од истражувањето во кое се испитани очекувањата за периодот што следува. Целта е да се испита нивото на оптимизам на испитаниците во однос на очекуваните перформанси на државата во следните 30 години.

Врз основа на податоците во табела број 10, испитаниците може да се поделат во три групи, почнувајќи од набројната кон помалку бројната. Така, за 35,6 % од испитаниците, во следните три децении државата ќе се развива подобро; за 22,6 % државата ќе се развива полошо, додека за 16,6 % од испитаниците државата ќе има сличен развој како и досега. **Споменатиот соодност упатува на заклучокот дека постои одредено ниво на умерен оптимизам, бидејќи бројот на испитаниците кои на ваков позитивен начин гледаат на иднината на Република Северна Македонија е поголем за 13 % во однос на испитаниците кои сметаат дека развојот на државата во следните 30 години ќе биде полош.**

Независно од изразениот песимизам кој може да се воочи во одговорите на претходните прашања, анализата на резултатите од ова последно прашање упатува на заклучокот дека постои изразено ниво на оптимизам кај испитаниците во однос на иднината на Северна Македонија, а причините за тоа треба да се бараат во силниот државотворен капацитет на граѓаните, како и во нивната приврзаниост кон остварената независност на државата.

***Табела број 10***



# Заклучоци

# Заклучоци

- За 6,9 % е поголем бројот на испитаниците што сметаат дека Северна Македонија има позитивен развој изминатите 30 години. Истовремено, 40,4 % од испитаниците сметаат дека државата се развивала полошо споредено со поранешните републики конституенти на СФРЈ. Кумулативнита анализа, пак, упатува на заклучокот дека испитаниците сметаат дека развојот на денешна Северна Македонија изминатите 30 години е позитивен, но, сепак, послаб споредено со дел од државите што произлегоа од поранешната СФРЈ.
- Според одговорите на испитаниците, најпозитивните нешта изминатите три децении се: стекнувањето на самостојност на државата (15 %); процесот на интеграција и самата интеграција на Северна Македонија во ЕУ и во НАТО (6,3 %) и напредокот и модернизацијата на државата (2 %), додека најнегативните се: криминалот и корупцијата (12,7 %); економијата и животниот стандард (7,1 %) и политичката нестабилност (3,1 %).
- Високи 59,8 % од испитаниците го поддржуваат членството на Северна Македонија во НАТО. Причините за ова значително ниво на прифаќање треба да се бараат во краткорочните придобивки, како и во долгорочните очекувања за ефектите по стабилноста на Северна Македонија кое го овозможува членството на државата во оваа меѓународна организација.
- 38% од испитаниците позитивно го оценуваат процесот на евро-интеграција. Ниската оценка е резултат на долгогодишниот застој на европските интеграции, најмногу како резултат на билатералните предизвици на земјата во односите, прво со Грција, па со Бугарија.
- 41,5 % од испитаниците го поддржуваат Преспанскиот договор со кој беше надминат спорот околу името „Македонија“. Анализата на резултатите упатува на заклучокот дека наспроти првичниот изразен песимизам во периодот веднаш по склучувањето на Договорот, три години подоцна расположението кај граѓаните доживува континуирана позитивна промена.
- Според одговорите на испитаниците, најпопуларни политичари изминатите три децении се: Борис Трајковски (42 % од испитаниците го оцениле со највисоката оценка 5), Киро Глигоров (33 % од испитаниците го оцениле со највисоката оценка 5) и Никола Кљусев (21,1 % од испитаниците го оцениле со највисоката оценка 5).
- Во врска со односите на Северна Македонија со други држави, испитаниците со највисока просечна оценка ја оцениле Србија (80,9 % имаат добро, многу добро или одлично мислење). Ваквиот резултат има основа во крат-

корочните ефекти во меѓусебните односи помеѓу двете држави, особено во светло на помошта на соседна Србија на Северна Македонија за справување со ковид-19 пандемијата.

» Во однос на западните држави-сојузници, важно е да се нагласи перцепцијата на испитаниците за Сојузна Република Германија (69,5 % имаат добро, многу добро или одлично мислење) и за САД (57,4 % имаат добро, многу добро или одлично мислење). Ваквиот резултат има основа во континуираната повеќедецениска поддршка на двете држави во насока на остварување на државните приоритети на Северна Македонија, особено во однос на европските и евроатлантските интеграции, како и во однос на вкупниот внатрешен развој на земјата.
» Испитаниците даваат позитивни оценки и за Кина (60,2 % имаат добро, многу добро или одлично мислење), Русија (61,6 % имаат добро, многу добро или одлично мислење) и Турција (79,5 % имаат добро, многу добро или одлично мислење). Како поважна причина за овој резултат која истовремено е заеднички именител за трите држави заедно е нивната долготрајна децениска дипломатска активност насочена, пред сè, кон користење на проблемите на државата при интеграцијата во НАТО и во ЕУ, со цел создавање впечаток во јавноста за наводно високото ниво на поддршка, сочувствителност и разбирање. Проблемот со името е само еден покарактеристичен пример за таквата дипломатска активност мотивирана од националните надворешно-политички приоритети на овие држави, особено во светло на глобалните предизвици и трендови.
» За 35,6 % од испитаниците, во следните три децении државата ќе се развива подобро, за 22,6 % државата ќе се развива полошо, додека за 16,6 % од испитаниците државата ќе има сличен развој како и досега, што значи дека за 13 % е поголем бројот на испитаниците кои позитивно гледаат на развојот на државата во следните 30 години. Во оваа насока, резултатите од ова последно прашање упатуваат на заклучокот дека постои изразено ниво на оптимизам кај испитаниците во однос на иднината на Северна Македонија, а причините за тоа треба да се бараат во посилниот државотворен капацитет на граѓаните, како и во нивната приврзаност кон остварената независност на државата.

ISBN 978-608-4648-67-3
ISBN 978-608-66750-0-4